Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1.Опис на проблемите

Потреба од допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на составот и работењето на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините и Комисија за следење и оценка на исполнетост на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискална децентрализација.

Во Главата VIII. Финансиска нестабилност потребни се измени во насока да се прецизираат условите за прогласување и надминување на финансиска нестабилност.

Краток рок на враќање на долгорочната позајмица од Центалниот буџет на Република Македонија.

Вградување на  утврдените мерки за унапредување на казнената политика во Република Македонија.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Во функција на доуредување и допрецизирање на веќе воспоставената единствена законска рамка  за уредување на системот на финансирање на единиците на локалната самоуправа се наметнува потребата од донесување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, односно доуредување и допрецизирање на одделни одредби од законот и усогласување на одредбите од овој закон со Законот за прекршоци и мерките за унапредување на казнената политика во Република Македонија.

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

## Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

**Предложено решение (опција):**
Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

**Опис:**
Со Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се врши:

- Допрецизирање на  работата и надлежностите на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините и на Комисијата за следење

и оценка на исполнетоста на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискалната децентрализација.

- Во делот на финансиската нестабилност извршени се измени во делот на прогласувањето на финансиската нестабилност во општината и превземањето на мерки и активности за надминувањето на истата.
- Се врши измена на рокот за враќање на долгорочната позајмица од најмногу пет година, на најмногу десет години.

Во делот на казнените одредби извршени се измени во насока на вградување на мерките на Владата на Република Македонија за унапредување на казнената политика во Република Македонија и усогласување со Законот за прекршоци. Во делот на казнените одредби во член 47 став (2), висината на глобата се пропишува во двојно поголем износ од максимално дозволениот, односно од 5.000-10.000 евра, поради можноста одговорното или раководното лице во општината со своите одлуки да нанесе голема финансиска и имотна штета на општината.

**1. Трошоци**

Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

**2. Придобивки**

Со предложените решенија во Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се очекува да се остварат следниве придобивки:

-унапредување на казнената политика

-поедноставување и дорегулирање на постапката за прогласување на финансиската нестабилност и начините за нејзино надминување;

-зголемување на бројот на општини кои ќе можат да го користат финансискиот инструмент долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија.

**3. Ризици и претпоставки:** Нема

**4. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Резултати приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз национална конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието | НЕ | НЕ |

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | Резултати приложени во материјалот | Резултати приложени во прилог |
|---|---|---|
| врз потрошувачите и конкурентноста | | |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Извршени се консултации со Секретаријатот за законодавство , Министерство за правда и Кабинетот на Заменик претседателот на Влада задолжен за координација на економските ресори, м-р Владимир Пешевски.

**Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата**

**1. Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со предложените решенија во Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се очекува да се: унапреди казнената политика, поедностави и дорегулира постапката за прогласување на финансиската нестабилност и начините за нејзино надминување и да се зголеми бројот на општини кои ќе можат да го користат финансискиот инструмент долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**
Радмила Сандева Крстова, Фани Коровешовска и Александра Петкановска.

**3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:** Заменик претседател на Влада на РМ и министер за финансии, м-р Зоран Ставрески; Заменик министер за финансии, Недим Рамизи и државен советник Елена Трпковска.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Нема влијание** | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | **Нема влијание** | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија |
| 3. | **Нема влијание** | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар |
| 4. | **Нема влијание** | врз економијата и врз обемот на државна помош |
| 5. | **Нема влијание** | врз животната средина |
| 6. | **Нема влијание** | врз социјалната положба на граѓаните |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ<br><br>/ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид, | ДА |
| 9. | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од Заменик претседателот на Владата и министер за финансии**

Јас, м-р Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанија на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик претседателот на Владата и
министер за финансии:

м-р Зоран Ставрески                                        Датум: 09.02.2011 година

Изготвил: Александра Петкановска
Радмила Сандева Крстова
Фани Коровешовска
Контролирал: Вукица Савеска
Согласен: Вера Прокoвиќ
Одобрил: Елена Трпковска